ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. 08 - 1024
27.01.2022 20
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 203, член 206, член 209 и член 219 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник Република Македонија” број 62/05, 3/06, 44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09, 10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 52/12, 13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15, 72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/19, 267/20 и 151/21), а во врска со член 169 став 6 од Колективниот договор на ниво на работодавач Град Скопје – Скопје, претставуван од Градоначалникот Данела Арсовска од една страна и Претседателот на Синдикална Организација на Град Скопје Филип Силјановски, од друга страна, на ден 27.01.2022 година, склучија во Град Скопје

# Колективен договор
# за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач - „Град Скопје“- Скопје

### Член 1

Во Колективниот договор на ниво на работодавач - „Град Скопје“ - Скопје (бр.08-12000/1 од 31.12.2021 година) во членот 2 став (3) се менува и гласи:
(3)Синдикат во смисла на овој колективен договор е Синдикална Организација на Град Скопје (во натамошниот текст: Синдикатот).

### Член 2

Во членот 11 во став (1) по зборот Правилник се додаваат зборовите „за систематизација на работните места во администрацијата на Град Скопје“.

### Член 3

Во членот 43 во став (1) зборовите „во работната книшка“ се бришат.

### Член 4

Во членот 86 ставот (1) се менува и гласи:
(1)Полното работно време на вработените во Град Скопје изнесува 40 часа неделно, за распоред на работно време градоначалникот на Град Скопје ќе донесе посебно решение.
Ставот (3) се брише, а ставовите (4), (5), (6) и (6) стануваат (3), (4), (5) и (6).

### Член 5

Во членот 89 ставот (2) се менува и гласи:
(2)Горната граница на годишниот одмор може да се зголеми за уште три дена кај следните категории на вработени:
- инвалиди на трудот;
- работници со најмалку 60% телесно оштетување;
- работници кои негуваат и чуваат дете се телесен или душевен недостаток;
- повозрасни работници и тоа 57 години - жена и 59 години - маж;
- вработени во Територијалната противпожарна единица на Градот Скопје - Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ).

### Член 6

Во членот 90, по ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:
(6)Повозрасниот вработен и тоа - 57 години (жена) и 59 година (маж), инвалид, вработен со најмалку 60% телесно оштетување и вработен кој негува и чува дете со телесен или душевен недостаток има право на зголемено времетраење на годишниот одмор за уште 3 работни дена.

**Член 7**

Во членот 102, по ставот (2) се додава нов став, став (3) кој гласи:
(3)Работодавачот е должен да обезбеди колективно осигурување од незгоди на сите вработени во Град Скопје.

**Член 8**

Насловот пред членот 111 се менува и гласи:
„Додаток на плата за ноќна работа, работа во смени, прекувремена работа, работа во празник и работа во ден недела“
Во членот 111, ставот (2) се менува и гласи:
(2) Основната плата на вработениот по час се зголемува за:
- ноќна работа по 35%;
- прекувремена работа по 35%;
- работа во смени 5%.
По ставот (2) се додава нов став, став (3) кој гласи:
(3) За работа во ден на неделен одмор - недела додатокот на плата изнесува 50% за секој час поминат на работа.
Во истиот член ставот (6) се менува и гласи:
(6)Начинот на исплата на додатоците на плата за ноќна работа, работа во смени, прекувремена работа, работа во празник и работа во ден на неделен одмор - недела се уредува со правилик.
Ставовите (3), (4), (5), (6) и (7) стануваат ставови (4), (5), (6), (7) и (8).

**Член 9**

Во членот 112 став 3 се менува и гласи:
(3)Вработениот кој работел прекувремено над 150 часа годишно, а не отсуствувал од работа повеќе од 21 ден, во текот на годината кај ист работодавач, работодавачот е должен да му исплати покрај додатокот на плата и бонус плата во висина од една просечна исплатена месечна нето плата во Републиката во последните 3 месеци.

**Член 10**

Членот 118 се менува и гласи:
(1)Вработените имаат право на јубилејна награда за наврšени 10, 20, 30 или 40 години работа во Град Скопје.
(2) Висината на јубилејната награда изнесува:
- за навршени 10 години 100% од основицата;
- за навршени 20 години 150% од основицата;
- за навршени 30 години 200% од основицата;
- за навршени 40 години 250% од основицата.

**Член 11**

Во член 119 во третиот став бројот (2) се заменува со број (3), а ставовите (3), (4) и (5) стануваат (4), (5) и (6).

**Член 12**

Во членот 129 по ставот (1) се додаваат два нови ставови, став (2) и став (3) кои гласат:
(2)Вредноста на бодот за пресметка на основната плата на вработените кои имаат статус на помошно-технички лица се утврдува во одлуката за извршување на буџетот на Град Скопје за секоја буџетска година.
(3)За секоја навршена година работен стаж на вработените кои имаат статус на помошно-технички лица им се исплаќа по 0,5% додаток на основна плата, но не повеќе од 20% за целокупниот работен стаж.
Ставот (2) станува став (4).

**Член 13**

Во членот 131, во ставот (1), по зборовите зголемен за 20% се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.
Во членот 131 во ставот (2) зборовите „член 132“ се менуваат со зборовите „член 133“.

**Член 14**

Во член 133, во ставот (1), текстот пред табелата се менува и гласи:

(1)Групирањето по одделни работни места на коишто работат пожарникарите и определувањето на бодовите се врши на следниот начин.

Во истиот став во табелата под реден број 7 се додаваат и зборовите „Б3-Командир на вод на потцентар (Бит пазар)“.

**Член 15**

Во членот 134 се додаваат два нови ставови, став (2) и став (3) кои гласат:

(2)Бројот на бодовите од став (1) на овој член е утврден врз основа на просекот на платата на другите вработени со соодветна стручна спрема на работни места во Град Скопје согласно член 131 став (2) од овој колективен договор и степенот на сложеност за овластени лица од областа на безбедноста утврден во став (1) од овој член.

(3) Пресметката на основната плата на пожарникарот се врши на начин на којшто бројот на бодовите по работно место се множи со вредноста на бодот и со коефициент 1,20.

**Член 16**

Во членот 135, ставот (3) се менува и гласи:

(3)За секоја навршена година работен стаж на пожарникарот му се исплаќа по 0,5% додаток на основна плата, но не повеќе од 20% за целокупниот работен стаж.

**Член 17**

Членот 142 се менува и гласи:

(1)Работодавачот исплаќа надомест на плата во случај на неспособност на вработениот за работа поради болест или повреди до 30 дена (до 7 дена 70%, до 14 дена 80% и над 14 дена 90%), од платата што ја примал во претходниот месец.

(2)Боледувањето над 30 дена се исплаќа на товар на здравственото осигурување.

(3)За боледувања предизвикани од повреда при работа или од професионално заболување надоместокот изнесува 100%.

**Член 18**

Во членот 162, ставот (1) се менува и гласи:

(1)Град Скопје, формира Комисија за доделување на парична помош составена од Претседател и 4 (четири) члена од кои еден член на комисијата е од членовите од репрезентативниот синдикат. Вработениот го доставува барањето за доделување материјална помош со соодветна документација до Комисијата за доделување парична помош. За начинот на доделување на материјална помош утврдена во членот 159 од овој колективен договор Градоначалникот на Град Скопје ќе донесе посебен Правилник.

**Член 19**

Во членот 166, ставот (3) се менува и гласи:

(3)Работодавачот е должен да соработува со претставникот на Синдикатот за спогодбеното решавање на спорот.

**Член 20**

Овој колективен договор влегува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| **ГРАД СКОПЈЕ** | **Синдикална организација** |
| **Градоначалник** | **на Град Скопје** |
| | **Претседател** |
| **Данела Арсовска** | **Филип Силјановски** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

Синдикална Организација на град Скопје • Град Скопје •